АВТОМОБИЛИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# П О С Е Б Е Н   П Р А В И Л Н И К

## ЗА НАТПРЕВАР ВО АВТОМОБИЛИЗАМ ОД ШАМПИОНАТ НА МАКЕДОНИЈА НА РИДСКИ ПАТЕКИ

# К Р У Ш Е В О  - 2 0 0 8

**Содржина:**


I. Програма на натпреварот
II. Организација
III. Општи правила
IV. Должности на учесниците
IV. Верификација и технички преглед
V. Сигурносно возило,редослед на програма
VII .Затворен паркинг (parc- ferme)
VIII.Приговори,жалби,барања
IX. Награди и признанија


**ТРЕТА ТРКА**

**12,13- Јули - 2008**

# I. ПРОГРАМА НА НАТПРЕВАРОТ

**1.1 Автомобилистичката федерација на Македонија ,АКК “ПРОСПОРТ“; АКК” СИТИ „ и АКК „ МЕТРОПОЛИС „-** од - Скопје, организираат на **12,13.07.2008** год. Автомобилистички натпревар на ридска патека“**КРУШЕВО -2008** “.
**1.2.** Овој Посебен правилник е одобрен од комисијата за натпревари на ридски патеки на АФМ.
Трката е запишана во календарот на АФМ за година 2008.
**1.3.** Заклучување на пријави **10.07.2008** год.
Објавување листа на пријавени 11.07.2008 год.

**САБОТА, 14.06.2008**

| | |
|---|---|
| **10.00 - 12.00 ч.** | Верификација и технички преглед |
| **10.00 - 10.40** | Класа 1 |
| **10.40 - 11.00** | Класа 2 |
| **11.00 - 11.20** | Класа 3 |
| **11.20 - 11.40** | Класа 4 |
| **11.40 - 12.00** | Класа 5 и 6 |
| **12.30** | **1** седница на жири комисија ( канцеларија ,хотел Панорама) |
| **14.15** | **Брифинг со натпреварувачи( игралиште до хотел Монтана)** |
| **14.30** | **Поаѓање на старт** |
| **15.00** | **ТРЕНИНГ слободен** |
| **16.00** | **ТРЕНИНГ официјален** |
| **17.00** | **2** седница на жири комисија ( канцеларија ,хотел Панорама) |

**НЕДЕЛА,13.07.2008**

| | |
|---|---|
| **9.30** | **Отварање на натпреварот** |
| | Протоколарно отварање на натпреварот за сите возачи присутност обавезна. |
| **10.00** | **Поаѓање на старт** |
| **11.00** | **ТРКА прво возење** |
| **12.00** | **ТРКА второ возење** |
| **13.00** | **3** седница на жири комисија ( канцеларија ,хотел Панорама) |
| **13.30** | **Прогласување на победници** |

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА

**2.1** Организациски одбор
Претседателство на организациски одбор
Претседател, Доневски Павле
Член Апостолов Круме
Член Данилов Ѓорѓи
**2.2** Почесен одбор
**2.3** Адреса на секретаријатот на трката **до 12.07.2008**

**АФМ** – Скопје
ул. Владимир Горгов број 34 локал 4 - Скопје
тел;++389 2 3083 422
фах; 2 3083 421
**е-маил:** **contact@afm.com.mk**

**од 12.07.2008 од 07.00 час.**
**до 13.07.2008 до 18.00 час.** ( канцеларија ,хотел Панорама)

**2.4** Раководство на трката

| | | |
|---|---|---|
| Директор на трката | Доневски Павле | А3- 111 |
| Пом.дир.за врски | Каранаков Кире | А2- 95 |
| Делегат на АФМ | Стоилов Александар | А2- 118 |
| Секретар на трката | Станојковски Ранко | А2- 37 |
| Жири на натпреварот | Грнчаровски Мирче | А3- 163 |
| Член: | Делев Ристо | А3- 198 |
| Член: | Крстевски Даниел | А2- 42 |
| Верификациона комисија | Чоневски Јосиф | А2- 180 |
| Член: | Митевски Круме | А2- 179 |
| Главен лекар | Д-р Василики Карабашев | А3- 219 |
| Технички делегат | Виктор Марјановски | А1- 143 |
| Техничка комисија | Даме Димитровски | А2- 102 |
| Член | Ненад Николовски | А1- 138 |
| Мерење време - ХРОНО АМСМ | Стоимиров Гоце | |
| Возач сигурносно возило(safety car) | Круме Апостолов | А2- 141 |
| Шеф редарска Служба | Крстевски Боро | А2- 106 |
| Здравствена служба | ИТНА ПОМОШ-Крушево | |
| Против пожарна служба | ПП бригада - Крушево | |
| Возач на шлеп возило | СПИ - Прилеп | |
| Возач на шлеп возило | СПИ - Кичево | |

**2.5.** Поставување огласна табла
Сите комуникации и одлуки како и резултати ќе бидат поставени на огласна табла,која ќе биде лоцирана,12 и 13-07-2008 год. од раководството на трката во боксот ( игралиште до хотел Монтана

## III. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**3.1** Натпреварот е организиран во склоп одредбите на меѓународниот спортски правилник на ФИА,спортскиот правилник на АФМ и неговиот додаток правилник за авто трки на ридски патеки и посебниот правилник на организаторот со кои се опфатени одредени исклучоци во однос спomenатите правилници.
**3.2** Со пријавата за натпреварот пилотот се обврзува да ги почитува сите горе наведени прописи и одлуки на раководството на натпреварот и судиите кој не се предвидени во општиот правилник на АФМ , ФИА и МСП.
**3.3** ***На сите натпреварувачи или здруженија,кои организираат или го попречуваат натпреварот и ги прекршуваат правилата и прописите ќе се превземат санкции од страна на жирито и директорот на натпреварот.***
**3.4** Трката се бодува за Државно првенство на Македонија на ридски патеки во автомобилизам.

**4. ПАТЕКА**
**4.1** Патеката е од асфалтна подлога,во должина од 7.200 мет. минимална ширина од 6,0 метри и со висинска разлика од 430м.

Патеката е со правци,кривини,лактови и дозволува постигнување поголеми брзини.

Патеката е лиценцирана од страна на комисијата за лиценцирање патеки на АФМ.

За време на неслужбениот и службениот тренинг,како и за време на натпреварот,патеката ќе биде затворена за секаков вид сообраќај од страна на сообраќајната полиција на ГУВР Крушево.

Вон овие предвидени затварања на патеката, натпреварувачите кои ќе бидат запрени од страна на сообраќајната полиција,ќе бидат дисциплински казнети.

Стартот се наоѓа село Острилци.

Скица на патеката во прилог.

**4.2 РЕКОРД НА ПАТЕКАТА**
**ТРАЈКОВСКИ КРСТЕ - 30-06-2002 год. југо 65 -1600 хоби 3.52.65 мин**

**5. КЛАСИ И ГРУПИ**
**5.1** Учество е дозволено на сите возила кој се по прописите на распишаните класи и групи од АФМ.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Класа 1** | **Група** | **“ A “** | **до** 1150 **ccm “ Југо “ со анекс** |
| **Класа 2** | **Група** | **“ N “** | **до** 1400 **ccm** |
| **Класа 3** | **Група** | **“ HOBI “** | **од** 1301 **до** 1600 **ccm** |
| **Класа 4** | **Група** | **“ HOBI “** | **од** 1601 **до** 2000 **ccm** |
| **Класа 5** | **Група** | **“ N и SP “** | **до** 2000 **ccm** |
| **Класа 6** | **Група** | **“ N и A “** | +2000 **ccm** |

**6. ОПРЕМА ЗА ВОЗИЛАТА**
**6.1** Сигурносната опрема на возилата мора да биде во согласност со правилникот на АФМ и додатокот “J” на ФИА.
**6.2** Секое возило кое не ја задоволува потрбната сигурносна опрема нема да биде примен на натпреварот.
**6.3** Употреба на гориво е слободно.

**7. СИГУРНОСНА ОПРЕМА НА ПИЛОТИТЕ**
**7.1** За време на тренинзите и трката задолжителна е употреба на сигурносни појаси, поткапа и кацига,а на враќање на старт по прво и второ возење со употреба на сигурносни појаси.
**7.2** Возачите мора да носат комбинизон,вклучувајќи патики и ракавици.

**8. УСЛОВ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ И ПИЛОТИТЕ**
**8.1** Секое физичко или правна особа,која има натпреварувачка лиценца,со важност за 2008 год.ги исполнува условите за учество на натпреварот.
**8.2** Пилотите мораат да имаат лична возачка дозвола и натпреварувачка лиценца за тековната година.
**8.3** Натпреварувачи и пилоти од странство мораат да имаат писмено одобрение за учество од страна на нивниот АСН која ја издала лиценцата.

**9. ПРИЈАВА**
**9.1** Целосно потполнета пријава треба да се пратат на адреса:

**АФМ** – Скопје
ул. Владимир Горгов број 34 локал 4 - Скопје
тел;++389 2 3083 422
фах; 2 3083 421
**е-маил: contact@afm.com.mk**

**Затварање на пријави 10.07.2008**
**Објавување листа на пријавени 11.07.2008**

**9.2** Бројот на учесници по класа не е лимитиран.
**9.3** По заклучување на пријавите не е можна промена на пилот за пријавено возило.
**9.4** Пријави за двоен старт ( 1 пилот 2 возила или 1 возило 2 пилота) не е дозволен.
**9.5.** Одјави се примаат во писмена форма на верификација,најдоцна на прва седница на жири комисија.со образложение за не учество,заверена и потпиешана од АКК/АК.

**10. АЛКО И ДРОГА ТЕСТ**
**10.1** Алко тест,организаторот ќе го спроведува на брифингот со пилотите ,а по слободен избор во секој момент на траење на натпреварот.
**10.2** Дрога тестот организаторот по слободен избор ќе го спроведе во секој момент на траење на натпреварот.

**11. ОДГОВОРНОСТ**
**11.1** Секој учесник вози на своја лична одговорност.
Организаторот се ограничува од секаква одговорност за посебни штети или повреди на натпреварувачот,пилотот и трети лица.
Секој натпреварувач,пилот е одговорен за својата безбедност.Секој пилот мора да е осигуран најмалку за случај на инвалидност со премија од 100.000,00 ден. или смрт со премија од 50.000,00 ден.
**11.2** Во согласност со прописите организаторот мора да има осигурување;
- осигурување против трети лица
- осигурување на сите службени лица

**11.3** Осигурувањето (против трети лица и за сл.лица) на организаторот важи за цело време на натпреварот т.е. на тренинзите,трката и за време од бокс до патека и назад.

## IV. ДОЛЖНОСТИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

**12. СТАРТНИ БРОЕВИ**
**12.1** Секој пилот кој добил стартен број од АФМ, а нема стартен број е должен сам да го обезбеди во димензии и боја по правилникот на АФМ. Возилата со не прописни броеви нема да стартуваат на натпреварот.
**12.2** По завршување на натпреварот,пред напуштање на **Parc – ferme** или боксот,стартните броеви на возилото кое вози во јавен сообраќај треба да бидат отстранети или покриени.

**13. ОГЛАСУВАЊЕ РЕКЛАМИ**
**13.1** На возилата е потребно да се предвиди простор за поставување реклами на организаторот предвидени по правилникот на АФМ.

**14. ЗНАМИЊА- СИГНАЛИ,ИЗЛЕГУВАЊЕ НА ПАТЕКА**
**14.1** За време на тренинзите и трката се употребуваат следните сигнали:

-**Црвено** знаме - моментално сопирање,прекин на трката
-**Жолто** замае - апсолутна опасност,забрането претекнување
-**Бело** знаме - бавно возиоло на патеката
-**Жолто со црвени лини** – лизгава површина
-**Зелено знаме -** престанок на опасноста
-**Црно бело знаме** – крај на трката

- Знаме во мирување - известување за опасност
- Знаме со движење - непосредна опасност,спремен за сопирање

**14.2** Строго е забрането да се вози споро по патеката или во спротивен смер од одвивање на трката.

**14.3** Во колку пилотот мора да го прекине возењето поради механички дефект,мора своето возило да го помести од патеката и напушти при што ќе ги почитува упаствата на судијата и редарот.

**14.4 Помош од страна на било каков начин се санкционира се дисквалификација**

## V. ВЕРИФИКАЦИЈА И ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД

**15. ВЕРИФИКАЦИЈА**
**15.1** Верификација на документите на 12.07.2008 од **10.00** до **12.00** час. на игралиштето до хотел Монтана.
**15.2 Учесниците пилоти на верификација мора да се јават лично**
**15.3** На верификација треба да се достават следните документи:
- натпреварувачка лиценца на пилотот
- возачка дозвола
- лекарско уверение
- техничка книшка за возило ,хомологација
- полиса за осигурување
- странски натпреварувач мора да достави писмена дозвола за учество од матично АСН.

**16. ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД**

**16.1** Техничкиот преглед се одвива на паркингот на игралиштето до хотел Монтана 12.07.2008 год. од **10.00** до **12.00** час.

**16.2** Учесниците се должни да го достават своето возило на технички преглед да се изврши индентификација на возилото и преглед на сигурносната опрема.

**16.3** На барање на техничката комисија треба да се приложи и хомологација за возилото за да се изврши полесно техничкиот преглед.

**16.4** Учесниците кој ќе доцнат на верификција и технички преглед ќе бидат казнети према правилникот за натпревари за ридски патеки или исклучени од натпреварот со одлука на жирито.Жирито ќе дозволи изведување на верификација и технички преглед само ако пилотот докаже дека доцнењето настанало од причина на виша сила.

**16.5** Извршениот технички преглед е потврда,дека возилото е во согласност со предвидените прописи за сигурност.

**16.6** По завршениот технички преглед од страна на организаторот се објавува и истакнува стартна листа на учесници,кои ќе настапат на тренингот.

## VI. КОТИЗАЦИЈА

**Секој учесник (пилот) е должен да од свое име и презиме уплати котизација во износ од 2000,00 денари на ж-ро с-ка 210063141710179 и тоа да со пријавата за натпревар го верификува .Уплата на котизација на верификација во готово нема да се прима.**

## VII. СИГУРНОСНО ВОЗИЛО,РЕДОСЛЕД НА ПРОГРАМАТА

Сигурносно возило **– Safty car**

На трката се употребува сигурносно возило во согласност со правилата за трки на ридски патеки.

**17. СТАРТ, ЦЕЛ,МЕРЕЊЕ ВРЕМЕ**

**17.1** Стартот е од место со запален мотор,се стартува во соодветно време на часовникот .

**17.2** Целта е летечка.Трката е завршена кога финишерот ќе даде знак со знаме(црно - бела шаховница). По второто возење во колона се упатува во Parc ferme игралиштето до хотел Монтана.

**17.3** Позавршување на првото возење организирано во колона се оди на стартот за второто возење.

**17.4** Мерењето на време го врши хроно екипа на АМСМ.

**18. ТРЕНИНГ**

**18.1** Организаторот ќе одржи тренинг еден ден пред одржување на натпреварот кој ќе се состои од два дела.Првиот дел од тренингот не ги обврзува натпреварувачите и служи за запознавање на патеката,додека вториот дел од тренингот е званичен и се состои од едно возење при кое се мери времето,а е задолжителен за сите натпреварувачи.

Додека некој од пилотите биде спречен да го извози задолжителниот тренинг,тој ќе може да учествува на натпреварот,врз основа на писмено барање и кое треба да го одобри или одбие жири комисијата. Пилотите на тренингот стартуваат според стартни броеви во интервал од една минута,додека интервалот помеѓу класи ,изнесува од две до пет минути.

Од времињата постигнати на тренингот се одредува редоследот на натпреварот. Пилотите кој имат пласма на ова патека т.е. во 2007 година ,не мора да ги завршат тренинзите но мора да стартуваат на едниот од нив(званичен или незваничен).

**18.2** Строго е забрането тренирање со возилото надвор од сатницата предвидена за тренинг. Организаторот ќе го дисквалификува секој затекнат пилот со натпреварувачкото возило во јавен сообраќај на патеката.
**18.3** Тренинзите ќе се одвиваат со сатница од поглавје **I** (еден)
**18.4** На тренинзите ќе настапуваат само возилата кои направиле верификација и технички преглед.
**18.4** Услов за настап на трката е редоследот од квалификацијата на официјалниот тренинг.
За посебни примедби одлучува жирито.

**19. ТРКА**
**19.1** Трката почнува во согласност со сатницата од поглавје **I** (еден)
**19.2** Број возења
- за сите класи 2 возења
**19.3** Пласманот се одредува според подоброто возење од двете возења.

**19.4 Загревање гуми**

**Загревање на гуми со остри стартови,електрично или било како, при доаѓање на стартна позиција со себе може да повлече исклучување од натпреварот.Во паркот на пилотите како и во предстартниот простор,секакво загревање на гуми е најстрого забрането.По патеката на враќање од целта кон стартот после првото возење ќе биде казниво према правилникот на АФМ.**

**20. ПОМОШ**
**20.1** Неодобрена помош на патеката може да уследи исклучување.
**20.2** Возилата останати оштетени на патеката ќе се остранат по налог на директорот на трката.

## VII. ЗАТВОРЕН ПАРКИНГ,КОНЕЧЕН ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД

**21. ЗАТВОРЕН ПАРКИНГ – PARC FERME**
**21.1** На крајот од трката важат правилата за parc ferme (од целната линија до влезот во parc ferme.)
**21.2** По завршување на трката мораат сите натпреварувачки возила да останат во parc ferme,додека директорот на трката со одобрение на жирито не го распушти.
Parc ferme-to нема да биде распуштено најмалку до истекување времето за протести.
**21.3** Parc ferme ќе биде во боксот на игралиштето до хотел Монтана

**22. КОНЕЧЕН ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД**
**22.1** Секое возило на крајот од трката може да биде прегледано од страна на верификацијата и техничкиот делегат.
**22.2** На барање на жирито по основ на протест возилото ќе биде прегледано вклучувајќи и негово расклопување.
**22.3** Посебните прегледи ќе се вршат во просториите кое ќе ги одреди АФМ.

## VIII. ПРОТЕСТИ, ЖАЛБИ

**23. ПРОТЕСТИ**
**23.1** Вложување протест се врши во рок предвиден со правилникот на АФМ
**23.2** Рок за приговори на видливи делови е 30 мин. по завршување на техничкиот преглед.

**23.3** Протести и кауција се доставуваат до директорот на трката.Кауцијата ја одредува техничкиот делегат по основ на вложен протест и ценовникот на техничката комисија.
**23.4** Колективни протести и протести на комплет возило како и приговор на времето и на одлуките на судиите нема да се примаат.
**23.5** Право на присуство на отварањето имаат вложувач на протестот т.е. негов претставник кој има писмено овластување од АКК/АК.

**24. ЖАЛБИ**
**24.1** На одлуки на жирито можно е да се достави жалба во согласност со правилникот на АФМ.
**24.2** Жалбата е потребно писмено да се најави до жирито најкасно еден час по прием на одлуката од жирито.Жалбата во писмена форма потребно е да се достави до АФМ најкасно во рок од 48 часа по најавата на жалбата.

## IX. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

### 25. НАГРАДИ И ПЕХАРИ

**25.1** Пехари добиваат по класи првите три пласирани натпреварувачи.
**25.2** Пехари за генерален пласма добиваат првите три пласирани натпреварувачи.
**25.3** Пилотите уредно закопчани мора лично да ја примат наградата ,во спротивно следи казна по посебниот правилник за натпреври на ридски патеки.а свеченото
**25.4** Свеченото доделување награди и пехари ќе се изврши по карајот на натпреварот на посебно предвиден простор.

Овој Правилник е усвоен и одобрен од страна на комисијата за ридски натпревари на АФМ на 30-07-2008 год,која едина има право на негово толкување.

Скопје ,30-07-2008

| АКК „ ПРОСПОРТ „ | АКК „ СИТИ „ | АКК „ МЕТРОПОЛИС „ |
|---|---|---|
| Секретар | Претседател | Претседател |
| ________________ | ________________ | ________________ |
| Д.Николиќ | К.Апостолов | Ѓ.Данилов |

АВТОМОБИЛИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА АВТО НАТПРЕВАРИ НА РИДСКИ ПАТЕКИ

Претседател:

________________________
П.Доневски